# З А К О Н
# ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии.

### Член 2

Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

- под финансирање на политичка партија се подразбираат активностите на политичката партија поврзани со обезбедување на финансиските средства за своето дејствување и работа и нефинансиските донации, како што се донирање на опрема, донирање во вид на професионални услуги и други видови на непарични донации,
- под финансиски активности на политичката партија се подразбираат сите финансиски трансакции кои се вршат од сметката и имотот на партијата и
- под извори на финансирање на политичката партија се подразбираат сите финансиски средства и приходи кои политичката партија ги обезбедува за своето работење, под услови предвидени со закон.

### Член 3

Политичките партии се непрофитни организации.

Политичките партии можат да ги стекнуваат средствата за своето работење и дејствување под услови и начин утврдени со овој закон.

### Член 4

Финансирањето на политичките партии е јавно и транспарентно.

Финансирањето на политичките партии се врши транспарентно, со целосен увид од страна на граѓаните и надлежниот орган за контрола на финансиско - материјалното работење.

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за финансирање на политичките партии ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.76/04, Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.86/08, Законот за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.161/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.96/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.148/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.142/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.23/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РМ" бр.140/18 и Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.294/20, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

Изворите на финансирање на политичките партии, како и нивните расходи, се јавни и транспарентни и подлежат на контрола од страна на државните органи надлежни за финансиско-материјално работење.

**Член 5**

Секој граѓанин или член на политичката партија, има право на еднаков пристап во увидот на финансирањето на политичката партија.

Секој граѓанин или член на политичка партија, има право да спречи или пријави постапка што претставува злоупотреба или прекршување на овој закон.

## II. ИМОТ И ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Член 6**

Политичките партии имаат право на сопственост на деловен простор, земјиште, опрема, канцелариски материјал, превозни средства и друг движен имот потребен за остварување на целите и вршење на активностите утврдени со статутот на партијата и со закон.

**Член 7**

Политичките партии се финансираат од јавни и приватни извори на финансирање.

### 1. Јавни извори на финансирање на политичките партии

**Член 8**

Јавните извори за финансирање на политичките партии се финансиски средства предвидени со Буџетот на Република Македонија.

**Член 9**

Вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии се во висина од 0,15% од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Македонија.

Средствата од ставот 1 на овој член во утврдениот износ се планираат во буџетот на Министерството за правда за секоја фискална година.

Средствата од ставот 1 на овој член политичките партии можат да ги користат исклучиво за остварување на своите цели утврдени со закон, статут и други акти на партијата.

**Член 10**

Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 30% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број од гласовите на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на целата Република, или на последните одржани локални избори во единицата на локалната самоуправа.

Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 70% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија на последните одржани избори за пратеници, сразмерно на бројот на избраните пратеници и на политичките партии чии кандидати се избрани за советници на последните одржани локални избори, сразмерно на бројот на избраните советници.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член се распоредуваат на политичките партии со решение на министерот за правда.

Државната изборна комисија до Министерството за правда доставува листа на политичките партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број гласови на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на цела Република, или на последните одржани локални избори во секоја општина и во градот Скопје, на ниво на општина, односно градот Скопје.

Државната изборна комисија до Министерството за правда доставува листа по политичка партија за бројот на избраните пратеници во Собранието на Република Македонија на ниво на цела Република и за бројот на избраните советниците на последните локални избори на ниво на цела Република.

**Член 10-а**

Покрај средствата од членот 9 од овој закон во Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат и средства во висина од 280.000 евра во денарска противвредност за годишно финансирање на партиско истражувачко-аналитичките центри формирани согласно со закон како дел од внатрешната организација на политичката партија.

Средствата од ставот 1 на овој член се планираат во буџетот на Министерството за правда за секоја фискална година.

Распределбата на средствата од ставот 1 на овој член ќе се изврши согласно со закон.

**Член 11**

Ако пратеникот е избран како кандидат на две или повеќе политички партии, средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено политичките партии поинаку не се договорат.

**Член 12**

Ако градоначалникот, односно советникот е избран како кандидат на две или повеќе политички партии, средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако партиите со предизборен договор поинаку не се договориле.

## 2. Приватни извори на финансирање на политичките партии

**Член 13**

Приватни извори на финансирање на политичките партии се:

- членарина,
- кредит,
- донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства (во натамошниот текст:

донации),
- легати,
- продажба на промотивен и пропаганден материјал и
- сопствени приходи согласно со овој закон.

**Член 14**

Под членарина, во смисла на овој закон, се смета редовен износ на средства кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно со актите на партијата.

Износот на членарината, за период од една година, на секој член поединечно не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

**Член 15**

Политичките партии можат да примаат донации во вид на пари, материјални средства или услуги.

Политичките партии можат да примаат непарични донации доколку тие, согласно со нивниот статут, можат да бидат употребени за нивните активности.

Како донација, согласно со овој закон, се смета и давањето бесплатни услуги на политичката партија, како и давањето услуги на политичките партии за кои плаќа трето лице. Давателот на услугата е должен да ја извести политичката партија за вредноста на дадената услуга.

Како донација, согласно со овој закон, се смета и продажбата на стоки и давање на услуги на политичките партии по цени пониски од пазарните. Продавачот на стоката, односно давателот на услугата должен е да ја извести политичката партија за пазарната вредност на продадената стока, односно дадената услуга и за тоа му доставува фактура. Разликата меѓу пазарната вредност и фактурираната цена се смета за донација.

Условите и ограничувањата од овој закон се однесуваат на сите видови донации (парични средства, опрема и услуги).

Доколку донацијата потекнува од субјектите наведени во членот 20 од овој закон, политичките партии се должни во рок од десет дена од добивањето на донацијата да го известат донаторот за одбивање на донацијата и истата да му ја вратат во рок од 30 дена.

**Член 16**

Вкупниот износ на поединечната донација не смее да ја надмине сумата од 60 просечни нето плати од правни лица и 30 просечни нето плати од физички лица во Републиката, исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика. Овој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во ставот 1 на овој член, политичката партија не смее да ја користи и е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја врати на донаторот.

Ако не може да се утврди потеклото на донацијата, политичката партија е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на донацијата, донираната вредност да ја префрли на Буџетот на Република Македонија.

**Член 17**

Политичките партии водат регистар на донации.

Регистарот од ставот 1 на овој член ги содржи следниве податоци:

- името, односно називот на секој донатор поединечно,
- видот и вредноста на донацијата и
- датумот на добивање на донацијата.

Регистарот од ставот 1 на овој член содржи податоци и за уплатените донации на субјекти кои директно или индиректно се поврзани со политичката партија или се под нејзина контрола.

Регистарот на донациите се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеца од влегувањето во сила на овој закон.

Политичките партии се должни на својата веб страница да го објавуваат регистарот на донации на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период, во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.

**Член 18**

Политичките партии од легат можат да ги стекнуваат само средствата предвидени со членот 6 од овој закон.

Доколку на политичката партија и се отстапат средства што не се утврдени во членот 6 на овој закон, тие се продаваат по пат на судска лицитација и паричната вредност остварена од лицитацијата се префрла на жиро-сметката на политичката партија.

Ограничувањата на висината на донациите од членот 16 на овој закон се однесуваат и на висината на легатот.

**Член 19**

Политичките партии не можат да вршат стопанска дејност.

Политичките партии не можат да стекнуваат други видови приход, освен следниве:

- камата на депозит депониран во банка,
- закупнина, односно издавање под закуп на движен и недвижен имот на партијата,
- приходи од продажба на печатени, аудиовизуелни и дигитални изданија и пропагандни материјали и други публикации на кои е ставено името или некоја од ознаките на политичката партија, како и приходи од авторски права и
- приходи од продажба на билети за присуство на манифестации организирани за партиски цели, при што на билетите мора да е ставено името или некоја од ознаките на политичката партија .

Приходите од ставот 2 на овој член политичките партии ги користат исклучиво за вршење на активностите согласно со законот и актите на партијата.

Приходите од ставот 2 на овој член, политичките партии не смеат да ги користат со цел остварување на профит.

**Член 20**

Политичките партии не можат да се финансираат од:

- влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица,
- државни и локални органи надвор од средствата предвидени со Буџетот на Република Македонија, освен средствата предвидени со овој закон и законите за избори,
- јавни установи, јавни претпријатија, јавни фондови или други правни лица кои располагаат со државен капитал,
- јавни претпријатија, јавни установи и јавни фондови формирани од општините,
- претпријатија кои имаат најмалку 20% учество на државен капитал, јавни установи и институции вклучувајќи ги и тие што го започнале процесот на приватизација,
- приватни претпријатија кои во моментот на давање прилог за политичката партија вршат јавни услуги за државни органи или за јавни установи, претпријатија и фондови по пат на договор,
- здружение на граѓани (невладини организации), верски заедници или религиозни групи,
- средства на претпријатија со мешовит капитал каде што доминантен сопственик е странски вложувач и
- анонимни или неидентификувани извори.

Политичките партии, доколку со средствата добиени од субјектите во ставот 1 од овој член не постапат согласно со членот 15 став 6 на овој закон, тогаш овие средства од жиро-сметката на политичките партии се пренесуваат во корист на Буџетот на Република Македонија и се користат за финансирање на хуманитарни активности.

Политичките партии кои ќе стекнат и противправно користат средства од изворите од ставот 1 на овој член, како и средства кои нема да ги евидентираат во регистарот на донации, го губат правото на финансирање од Буџетот на Република Македонија за наредната година.

**Член 21**

Политичките партии не смеат да имаат средства во странски банки или други финансиски институции надвор од Република Македонија.

**Член 22**

Забрането е вршење каков било притисок на правни и физички лица со цел прибирање на финансиски средства за политичката партија.

Забрането е ветување на повластувања и лична корист или корист на правно лице од кој било вид на донаторот на политичката партија.

Секое лице кое ќе дојде до сознанија од ставовите 1 и 2 на овој член, должно е да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата, која понатаму ја продолжува постапката со поднесување на пријава до надлежните органи, доколку оцени дека постои кривична или прекршочна одговорност.

## III. КОНТРОЛА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

### Член 23

Политичките партии се должни да водат сметководство за финансиско-материјалното работење на партијата.

Приходите и расходите на политичката партија се јавни.

Политичките партии го водат сметководството според одредбите на Законот за сметководството за непрофитните организации.

### Член 24

Со статутот или друг акт на политичките партии се регулира начинот на вршење на внатрешната контрола на финансирањето на политичката партија.

Политичката партија е должна со статутот или друг акт да го утврди правото за запознавање на секој член на партијата со приходите и расходите на партијата.

Политичката партија е должна со статутот или друг акт да определи орган надлежен за финансиското работење на партијата.

Со статутот на политичката партија ќе се определи лицето и начинот за именување односно определување на органот надлежен за финансиското работење на партијата.

### Член 25

Политичката партија подготвува извештај за добиените донации.

Извештајот за добиените донации ги содржи податоците од регистарот за донации.

Политичката партија извештајот од ставот 2 на овој член го доставува најдоцна до 31 март за претходната година заедно со годишниот финансиски извештај од членот 27 од овој закон до Државниот завод за ревизија.

Политичката партија извештајот од ставот 2 на овој член го доставува најдоцна до 31 март за претходната година до Управата за јавни приходи.

Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи се должни добиените извештаи да ги објават на своите веб страници.

### Член 26

Надзорот над финансиско-материјалното работење на политичките партии го врши Државниот завод за ревизија согласно со закон и се спроведува секоја календарска година за претходната година.

Политичките партии може да имаат само една жиро-сметка.

Во случај политичката партија своето финансирање да го врши и преку обезбедување на средства од кредит од комерцијални банки, покрај основната жиро-сметка на партијата, политичката партија може да има и уште една посебна жиро- сметка за средствата обезбедени преку кредит.

Политичката партија има право да врши пренос на средства помеѓу своите сметки.

Партиско истражувачко - аналитички центар на политичка партија има посебна сметка.

Во случаите од ставовите 2, 3, 4 и 5 на овој член, политичките партии се должни да достават финансиски извештај за материјално-финансиското работење на партијата.

Годишната сметка за финансиското работење, согласно со законските прописи, политичките партии ја доставуваат до: Управата за јавни приходи, Централниот регистар и Државниот завод за ревизија, а се должни да ги објават на своите веб страници.

**Член 27**

Политичките партии, најдоцна до 31 март изготвуваат годишен финансиски извештај за претходната година согласно со закон. Извештајот го содржи финансиското работење на сметката, односно сметките на политичката партија.

Годишниот финансиски извештај содржи податоци и за:

- вкупните приходи во кој влегуваат податоците за вкупен износ на донации, подароци, прилози, дотации, спонзорство, кредит, пари, материјални средства, опрема, услуги, сопствени приходи, членарина, легати и друго и
- вкупните расходи.

Годишниот финансиски извештај во рокот утврден во ставот 1 на овој член се доставува до Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во годишниот финансиски извештај на политичката партија кои се спротивни на одредбите на овој закон поднесува барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите.

Образецот, формата, содржината и начинот на водењето на финансискиот извештај ги пропишува министерот за финансии.

Составен дел на образецот од ставот 5 на овој член е Упатството за начинот на пополнување на годишниот финансиски извештај.

Министерството за финансии најмалку еднаш годишно спроведува обуки на политичките партии за материјално-финансиското работење и начинот на пополнување на финансискиот извештај.

**Член 27-а**

Годишниот финансиски извештај политичката партија е должна јавно да го објави на веб страницата на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 27-б**

Независно од прекршочната одговорност се запира (суспензија) исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија, на политичката партија која до Државниот завод за ревизија нема да достави годишен извештај во пропишаниот рок согласно со членот 27 од овој закон и ако постапи спротивно на членовите 16, 25 и 26 став 3 од овој закон.

Исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија се запира (суспендира) и за политичката партија која нема

да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од овој закон.

Запирањето (суспензија) на исплатата од ставот 1 на овој член, трае до уредно исполнување на обврските до крајот на тековната година согласно со членовите 16, 25, 26 став 3 и 27 од овој закон.

Одлуката за запирање (суспензија) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на предлог на Државниот завод за ревизија ја донесува министерот за правда.

Против одлуката од ставот 4 на овој член, која е конечна, може да се поведе управен спор.

Одлуката од ставот 5 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 27-в**

Независно од прекршочната одговорност политичката партија која во пропишаниот рок нема да го објави годишниот финансиски извештај согласно со членот 27-а од овој закон, го губи правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија, за период од три месеци.

Одлука за губење на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за период од три месеци, согласно со ставот 1 на овој член, на предлог на Државниот завод за ревизија ја донесува министерот за правда.

Против одлуката од ставот 2 на овој член, која е конечна, може да се поведе управен спор.

Одлуката од ставот 3 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 28**

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на физичко лице, а глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице ако постапат спротивно на одредбите на членот 16 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од петкратен до десеткратен износ на разликата меѓу дозволената и донираната вредност за прекршок ќе се изрече на политичката партија ако постапи спротивно на членот 16 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од десеткратен до дваесеткратен износ во висината на донираната вредност за прекршок ќе се изрече на политичката партија ако постапи спротивно на членот 16 став 3 од овој закон.

**Член 29**

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на политичка партија ако не постапи согласно со членот 17 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на политичката партија ако постапи спротивно на членовите 25, 26 став 3, 27 и 27-а од овој закон.

**Член 30**

Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд се спроведува постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

**Член 31**

Надлежен орган за постапување по прекршоците утврдени со овој закон е основниот суд според седиштето на политичката партија.

**Член 32**

Доколку политичките партии повеќе од двапати во текот на годината направат прекршок утврден во овој закон, истите нема да добијат од буџетските средства согласно со овој закон во траење од една година.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Политичките партии се должни да изготват попис на имотот со кој располагаат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон и истиот да го достават до Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи и Централниот регистар.

**Член 34**

Политичките партии се должни да ги усогласат своите акти со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на донесувањето на подзаконските акти од овој закон.

**Член 35**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" број 41/94 и 23/2001), што се однесуваат на финансирањето на политичките партии.

**Член 36**

За вршење надзор над примената на одредбите на овој закон е надлежно Министерството за правда.

Финансирањето на изборните кампањи ќе биде уредено со посебни закони кои ги регулираат изборите.

**Член 37**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2005 година.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.86/08)

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

## ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.161/08)

### Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.96/09)

### Член 12

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за финансирање на политичките партии.

### Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.148/11)

### Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за финансирање на политичките партии.

### Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

### Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.23/13)

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2015 година.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РМ" бр.140/18)

### Член 8

Министерот за правда во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон ќе донесе решение за измена на решението од членот 10 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии за 2018 година, заради усогласување со одредбите од членот 2 од овој закон.

Средствата од ставот 1 на овој член ќе бидат исплатени согласно со буџетските можности, но не подоцна од 1 март 2019 година.

### Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на РСМ" бр.294/20)

### Член 2

Вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии за 2020 година и 2021 година се во висина од 0,105% од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

На политичките партии на кои им се исплатени средства во износ согласно со Уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20 и 169/20), ќе им се исплати разликата на средства од износот кој им е исплатен до износот утврден со ставот 1 на овој член, најдоцна до 31 декември 2020 година.

### Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".